УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME
TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр.-Nr. 01-2328/1

18-06-2019 20___год.-viti

Скопје-Shkup

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 11 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2019 година донесе:

# ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ

## Член 1

Во член 9 од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18), ставот (3) се менува и гласи:

“(3) Избраниот понудувач го потпишува договорот во рок од два работни дена од приемот на договорот, во спротивно се смета дека се откажал од договорот, а универзалниот снабдувач ја наплатува гаранцијата за понудата.”

## Член 2

Овие Правила влегуваат во сила на денот на донесувањето, а се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 01-2328/1**

**18 јуни 2019 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија, а врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 11 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија пристапи кон изработка на Правила за изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач.

Измената се однесува на рокот за склучување на договорот за набавка на електрична енергија, кој се намалува од пет на два дена. Имајќи во предвид дека предлогот за намалување на рокот е поднесен од универзалниот снабдувач, а со цел оптимизирање на процесот на набавка на електрична енергија за потребите на универзалниот снабдувач, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија утврди дека истиот е оправдан.

Заради економичност на постапката и целисходност на предложената измена на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, при одлучувањето Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, донесе Решение за одлучување на седница без одржување на подготвителна седница бр.02-2329/1 од 18 јуни 2019 година.

Регулаторната комисија за енергетика на седницата одржана на 18 јуни 2019 година донесе Правила за изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач.